**Известување за концентрација со која Вит Корн Холдинг Б.В., Холандија ќе стекне контрола над Фабрика за шеќер Шајкашка ДОО, Србија (предмет бр. 08-82/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 11.05.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која Вит Корн Холдинг Б.В. со седиште во Пиетер Бастстраат 6Х, 1071 ТВ Амстердам, Холандија има намера да стекне единствената контрола над Фабрика за шеќер Шајкашка ДОО, со седиште во Индустриска зона – Чурушки пат 3, Жабаљ, Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Вит Корн Холдинг Б.В.** е дел од МК групата на друштва и е холдинг друштво кое е дел од дивизијата на МК групата активна во земјоделскиот сектор. Работењето на друштвата во рамките на МК Група се организирани во пет дивизии: земјоделска дивизија, финансиска дивизија, која вклучува банкарско, брокерско и берзанско работење, хотелиерство и управување со недвижнини, енергетска дивизија, која вклучува производство на електрична енергија од обновливи извори (ветер и биомаса) и дивизија, составена од друштва чие работење е поврзано со обезбедување деловна поддршка за целиот систем на МК групата.

МК групата е присутна во Република Северна Македонија преку зависното друштво **МК Сунтастик ДООЕЛ Скопје**, со седиште на булевар Партизански Одреди 155/1, Скопје, Република Северна Македонија. МК групата во Република Северна Македонија исто така генерира приходи од прекугранична продажба на месни производи, замрзнат зеленчук и шеќер преку друштва со седиште во Србија – ПИК Бечеј, Суноко/Кристал Суноко и Карнекс.

**Фабрика за шеќер Шајкашка ДОО** поседува фабрика за производство на шеќер која се наоѓа во Жабаљ, Србија. Меѓутоа, фабриката за шеќер не е активна последните шест години и во моментов служи само како објект за пакување и складирање на производите, односно шеќерот што го произведува поврзаното друштво Црвенка Фабрика за шеќер ДОО Црвенка, со седиште на адресата Масарикова 7, Црвенка, Кула, Република Србија. Црвенка Фабрика за шеќер ДОО Црвенка не е предмет на Предложената трансакција.

Фабрика за шеќер Шајкашка ДОО нема зависни друштва, филијали или претставништва основани во Република Северна Македонија, ниту има какви било активности во Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар да се дефинира како пазар на откуп на шеќерна репка, пазарот на производство и големопродажба на шеќер, и пазарот на управување со малопродажен простор.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и*

*Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

18.05.2026 година